Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 153/0306
26.07 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28.06.2023 година, врз основа на примена жалба од Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР Центар“ го донесе следново:

# МИСЛЕЊЕ

**„Телевизија Телма“ во емитуваната емисија „Нешто конкретно“, не го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 16 мај 2023 година, „КВИР ЦЕНТАР“ поднесе жалба за емисијата „Нешто конкретно“ емитувана на „ТВ Телма“ на 15 Мај 2023 година.

Во жалбата се наведува дека во оспорената емисија има елементи на прекршувања по следниве основи: Неточно и нефер известување, говор на омраза, дискриминација и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Дополнително, жалителот истакнува дека водителката поставува прашања кон гостите за традиционалните вредности, дали се почитуваат мажот и жената заеднички, по што еден од гостите во емисијата го истакнува неговото мислење, односно укажува што претставува „Родител 1 и родител 2 во семејството и дека треба да си ја почитуваме традицијата...“, а истовремено водителката не го спречува да влезе во конфронтација со друга гостинка во емисијата.

Жалителот, потенцира дека коментарите и реакциите на Фејсбук страницата на емисијата „Нешто конкретно“, како и на објавата на емисијата на платформата YouTube со наслов „Јордан Митев: што е тоа родител 1, родител 2 да си ја почитуваме традицијата“, се исполнети со говор на омраза и дискриминација.

Исто така, жалителот наведува дека коментарите воопшто не се модерирани од администраторите на Редакцијата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со ТВ Телма и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Од „Телевизија Телма“ ја отфрлија жалбата како неоснована. Оттаму, појаснуваат дека „ТВ Телма“ има деловна  соработка со  МЕДИА КОНТЕНТ врз основа на полноважен договор според кој тие отстапуваат простор на својот програмски сервис за емитување на  емисијата ,,Нешто Конкретно со Снеже Велков“.

Од „ТВ Телма“ велат дека овластените лица на продуцентската куќа која ја подготвува оваа емисија ја преземаат целосната одговорност и гарантираат дека оваа емисија ќе биде согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја и дека ако се јави некоја трета страна  засегната со повреда на нејзино право а се однесува на емисијата целосно ја преземаат одговорноста.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА и одлучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 28 јуни 2023 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Еден член на Комисијата сметаше дека е прекршен членот 10, бидејќи водителката поставува наведувачки прашања, кои одат на линија на бранење на традиционалните вредности кои како што стои и во тезите на емисијата се во спротивност со современите стандарди за еднаквост и дека граѓаните имаат негативни коментари кон еднаквоста под објавата на емисијата на Фејсбук!

Мнозинството членови сметаа дека нема ништо спорно во емисијата и дека гостите искажуваат свое мислење кои не содржат ниту дискриминаторски говор ниту говор на омраза. Исто така, мнозинството смета дека нема никакво наведување од страна на водителката во самата емисија и од нејзина страна не е прекршен ниту еден член на Кодексот. Медиумите, емисиите, водителите, новинарите, гостите во емисиите, пристапот кон темите, фокусот на вестите…. можат да се потпираат на традиционални или современи вредности и тоа само по себе не е дискриминаторски говор.

Што се однесува до коментарите на социјалните медиуми, тие навистина содржат дискриминаторски говор и говор на омраза но тие се направени на Фејсбук страница на продуцентската куќа а не телевизија Телма. Согласно Член 3 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби „Комисијата за жалби ги разгледува сите пристигнати жалби поврзани со кршење на професионалните и етичките стандарди само во пишаните (печат и новински агенции), електронските (ТВ и радио) и во интернет медиумите во Македонија“. Објавите на продуцентската куќа на социјалните медиуми и коментарите под објавата не се во наша надлежност.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595